# ИНГУНИТ-П

*Прашкаст додаток за забрзување на врзувањето, згуснување, подобрување на лепливост и водонепропусност на прскани бетони*
*Одговара на: EN 934-5; ASTM C403*

## Област на примена:

За изведба на прскани бетони по сува постапка;
За подобрување на обработливоста и квалитетот на прсканите бетони и малтери во тунелоградбата, изведба на канали и шахти, рударски окна, потпорни ѕидови, базени, санации, бетонски елементи со неправилна форма, регулации на реки, засеци и сл.;
Погоден за вршење на репарации на бетонски елементи со заоблени и неправилни форми како куполи, хиперболични сводови и сл.;
Се применува и како додаток - убрзувач на инекциони маси за контактно врзно инектирање во тунели, ревизиони галерии (брани) и сл.

## Својства:

- Интензивно забрзување на времето на врзување на бетони и малтери;
- Постигање на рани јакости;
- Ја подобрува лепливоста на бетонската и малтерската смеса;
- Овозможува машинско вградување на вертикални, коси и тавански површини;
- Го намалува одбивањето - отпадот на материјалот при прскањето;
- Не содржи хлориди;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Тип: | На алкална основа |
| Изглед: | Бела прашкаста маса |
| Специфична тежина: | 0,9-1,1 gr/cm$^3$ |
| Содржина на хлориди: | нема |

## Дозирање:

За прскани бетони се дозира 2 до 6% тежински, во однос на масата на цементот. Процентот на дозирање зависи од времето на забрзување кое треба да се постигне, од конзистенцијата на бетонот, од видот и количината на цементот, од температурните услови, од категоријата на подлогата врз која се вградува и др.

Ако се користи за прскан бетон при бетонирање на примарната облога во тунели, тогаш дозирањето при бетонирање на калотниот дел треба да изнесува 4-6%, додека во делот на золната може да се дозира помалку, од 2-4%, доколку не постои опасност од обрушување на дел од неврзаната карпа.Ингунит-П се додава на сувата бетонска мешавина, непосредно пред вградувањето.
При употреба како забрзувач кај класичните бетони и малтери, Ингунит-П се додава (препорачано до 2%) непосредно пред вградувањето, директно во смесата, брзо се меша и вградува, бидејќи постои опасност од брзо врзување и оштетување на опремата.

## Ефект од предозирање:

При неправилна проценка на дозирањето на Ингунит-П кај класичното бетонирање може да дојде до прерано врзување на бетонот во миксерот или пумпата.

## Компатибилност:

Ингунит-П е компатибилен со повеќе адитиви од програмата на АДИНГ. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат предходни проби. Различните адитиви се дозираат посебно, односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина.
Ингунит-П е употреблив со сите типови на портланд цемент и сулфатноотпорни цементи.

## Пакување:

Вентил вреќи од 14 kg.

## Складирање:

Во оригинално пакување, на суво и заштитен од директно влијание на сончеви зраци. Рок на употреба 12 месеци.

АДИТИВИ ЗА БЕТОНИ И МАЛТЕРИ

Опасност по здравје: При работа со Ингунит-П обавезно е користење на заштитни гумени ракавици, респираторна маска, како и заштитни очила. Просторот каде се вградува прсканиот бетон со додаток на ИНГУНИТ-П потребно е да биде добро вентилиран.
Во случај на допир со кожа потребно е обилно испирање со чиста проточна вода и премачкување на кожата со крема на бор-вазелинова основа. При прскање во очи веднаш обилно се испираат со чиста проточна вода, се ставаат капки од борова вода и се бара итна медицинска помош. Доколку се проголта потребно е веднаш да се испие што поголемо количество вода или млеко и да се побара итна медицинска помош.
Пожар: Ингунит-П е незапалив прашок
Чистење и депонирање: Чистењето на остатоци од Ингунит-П е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 820, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk